*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА КАРПОШ*
*ГРАДОНАЧАЛНИК*

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 42/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**за распишување на Јавен повик за доставување иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

Јавниот повик се распишува согласно член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 42/15, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16.), во првиот квартал од 2018 година.

- Јавниот повик ќе трае од 11.04.2018 год. до 11.05.2018 год.
- Јавниот повик ќе биде објавен на веб страната на Општина Карпош www.karpos.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и во дневниот весник Нова Македонија".
- Секое заинтересирано правно и физичко лице во текот на јавниот повик може да достави иницијатива за изработка и донесување на урбанистичките планови од членот 7 став (1) точка 2 алинеи 2,3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање.
- Предмет на иницијатива може да биде донесување на нов Урбанистички план, изменување и дополнување на постоечки Урбанистички план или Урбанистичко - планска документација.
- Заинтересираните правни и физички лица иницијативите можат да ги достават во писмена форма во архивата на Општина Карпош или во електорнска форма преку информацискиот систем Е-урбанизам во предвидениот рок.
- За доставените иницијативи подносителите ќе бидат информирани во писмена форма или во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам во рок од 15 работни дена од истекот на рокот за доставување на иницијативи.
- Прифатените иницијативи од јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Карпош за 2018 година.

Средствата за изготвување на потребната документација за прифатените иницијативи треба да ги обездедат правните или физичките лица кои се подносители на иницијативите.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стефан Богоев